# Како да се одбере подобар план за енергија

## Проверете дека не плаќате премногу за енергија

Продавачите на енергија имаат голем број различни планови, секој со различни цени за снабдувањето на вашиот дом со енергија. Со префрлувањето на поевтин план за енергија може да заштедите стотици долари годишно.

### Најдобра понуда

Ако немате пристап на интернет за да ја користите интернет страницата Victorian Energy Compare, може да му се јавите на вашиот продавач и да побарате да ве стави на „Најдобра понуда“ (‘Best Offer’). „Најдобра понуда“ е најевтиниот план за енергија за вашето домаќинство што го нуди вашиот сегашен продавач на енергија.

Според законите во Викторија, компаниите за енергија мора да ве известат на вашата сметка ако може да заштедите со поевтин план. „Најдобрата понуда“ на вашиот продавач ќе биде наведена на првата страница на вашата сметка за енергија секои 3 месеци; побарајте ја коцката во која пишува ‘could you save money on another plan’ („дали би можеле да заштедите пари на друг план“).

### Викториска основна понуда

Викториската основна понуда (Victorian Default Offer) е едноставна и праведна цена на струјата што годишно ја определува Викториската влада, а не продавачите на енергија. Victorian Default Offer им обезбедува на викториските домаќинства и на сопствениците на мали бизниси струја по праведна цена ако тие не можат или не сакаат да најдат подобар план за енергија.

### Информативни листови за енергијата во Викторија

Ако сакате повеќе информации за некој план за енергија, било да е тоа вашиот сегашен план или некој на кој сакате да се префрлите, може да побарате од продавачите на енергија да ви пратат информативен лист за тој план за енергија. Тој информативен лист ќе ви обезбеди лесно разбирливи информации за тој план за енергија, како што е цената, дали има попуст за плаќање навреме (pay on time discount) и времетраењето на договорот.

## Побарајте од вашиот продавач на енергија да го смени вашиот план за енергија на „Најдобра понуда“

### Пред да се јавите:

Обезбедете дека имате:

- Скорешна сметка за струја или гас

**Дали ви треба преведувач?**

На вашата сметка за енергија има информации за бесплатни преведувачки услуги.



### Кога ќе се јавите:

Речете му на вашиот продавач на енергија:

**„На мојата сметка стои дека може да заштедам со друг план за енергија. Ве молам ставете ме на таа Најдобра понуда”**

Продавачот на енергија ќе го смени вашиот план на нивната „Најдобра понуда“ додека сте на телефон. Така ќе почнете да плаќате пониска цена за енергијата што ја добивате во вашиот дом.